РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ПЕХЧЕВО ул. Борис Кидриќ 8 - 2 326 Пехчево тел./факс +389(0)33/441-321
Е-пошта:opstina_pehcevo@t-home.mk www.pehcevo.gov.mk

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животна средина( ,,Службен весник на Република Македонија" бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/2013, 187/2013, 42/2014 и 129/2015), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Одлука за неспроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ Детален урбанистички план Стара касарна Пехчево – општина Пехчево кој го денесува Совет на општина Пехчево, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена за влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.

2. Како органи засегнати од имплементација на планскиот документ Детален урбанистички план Стара касарна Пехчево – општина Пехчево се определуваат следните: Министерството за животна средина и просторно планирање и општина Пехчево.

3. За планскиот документ Детален урбанистички план Стара касарна Пехчево – општина Пехчево, за чија изработка е одговорено позитивно, а го донесува Советот на општина Пехчево, донесувањето на планскиот документ Детален урбанистички план Стара касарна Пехчево – општина Пехчево ќе нема влијание врз животната средина.

4. Обемот на извештајот од стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: влијание врз подземните и површинските води, влијание врз почвата, влијание по однос на генерирање на отпад и влијание врз амбиентот воздух.

5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на општина Пехчево на следната веб адреса/и: www.pehcevo.gov.mk

6. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр. 09-1384/4
12.11.2015год.
Пехчево

Градоначалник ,
Игор Поповски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПЕХЧЕВО ОПШТИНА ПЕХЧЕВО

Igor Popovski

Digitally signed by
Igor Popovski
Date: 2015.11.18
09:32:34 CET